ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-152/6**

**Дата: 16.10.2009**

**УНИВЕРЗИТЕТ„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„**
**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршена ревизија на финансиските извештаи на Универзитет „Св.Кирил и Методиј„ , Архитектонски факултет Скопје- Сметка на основен буџет за 2008 година, кои се прикажани на страните 3, 4 и 5

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија , ниту сме издале каков било извештај за финансиските извештаи на Универзитет „Св.Кирил и Методиј„, Архитектонски факултет Скопје - Сметка за средства од буџетот на РМ, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   – Проф.д-р Влатко Коробар, декан од 01.10.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 15.06.2009-17.07.2009 година и од 17.08-28.08.2009 година од страна на тим.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилности во искажување на билансните позиции**

10.1.1. Ревизијата не доби доволно докази да го потврди постоењето на вложувањето во износ од 567 илјади денари искажано на позицијата Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства поради неизвршен попис, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и не дадено образложение од одговорните лица за потеклото на ова салдо. Ваквата состојба создава ризик од необјективно прикажување на вложувањето.

**Препорака**

1 Деканот на Факултетот да превземе мерки за преиспитување на основот на прикажаното вложување и потврдување на вредноста на истото, како и да донесе соодветна одлука.

11. Според наше мислење, освен за иснесеното во точката 10.1 финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти, финансиската состојба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ , Архитектонски факултет Скопје - Сметка на основен буџет, на ден 31. декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Универзитет „Св. Кирил и Методиј„, Архитектонски факултет Скопје - Сметка на основен буџет, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 14.10.2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 26,949 | 25,484 |
| **Вкупно приходи** | **26,949** | **25,484** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 26,032 | 24,530 |
| Стоки и услуги | 885 | 869 |
| Субвенции и трансфери | 32 | 85 |
| **Вкупно тековни расходи** | **26,949** | **25,484** |
| **Вкупно расходи** | **26,949** | **25,484** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 0 | 1,946 |
| **Вкупно тековни средства** | **0** | **1,946** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 11,323 | 11,715 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 567 | 567 |
| **Вкупно постојани средства** | **11,890** | **12,282** |
| **Вкупна актива** | **11,890** | **14,228** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 1,947 |
| **Вкупно тековни обврски** | **0** | **1,947** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 11,890 | 12,281 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **11,890** | **12,281** |
| **Вкупна пасива** | **11,890** | **14,228** |



-----------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **12,281** | **-** | **12,281** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **391** | **-** | **391** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Исправка | | | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 391 | - | **391** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **11,890** | **-** | **11,890** |